## 1.2. Економска активност

*Индустриското производство во април 2003 година се намали за 9,7% на месечна основа...*

По остварениот висок месечен пораст на индустриското производство во март 2003 година, во април е регистрирано негово намалување од 9,7%. Намалување на индустриското производство е регистрирано кај сите главни групи на производи (со исклучок на порастот на производството на нетрајни производи за широка потрошувачка) и кај трите индустриски сектори. Така, во преработувачката индустрија, во секторот вадење на руди и камен и во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода е регистрирано намалување на производството за 9,2%, 18,2% и 14,2%, соодветно. Од позначајните индустриски гранки, најголем пад е регистриран кај производството на нафтени деривати, потоа кај производството на електрични машини и апарати, производството на текстилни производи, производството на основни метали и производството на предмети за облека, доработка и боење на крзно.

Графикон 4
Динамика на индустриското производство
(во %)




*...додека на кумулативна основа е повисоко за 2,4%*

На годишна основа е регистрирано намалување на индустриското производство од 0,5%, како последица на високиот пад на производството во секторот вадење на руди и камен (68,9%), иако во преработувачката индустрија и секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода е регистриран пораст (за 0,4% и 25,4%, соодветно). Во периодот јануари-април 2003 година во споредба со истиот период од претходната година, индустриското производство е повисоко за 2,4%, што се должи на зголеменото производство во преработувачката индустрија (поради високиот пораст на производството на основни метали од 99,8%) и зголеменото производство во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода.